Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 15.03.2021

На 14.03.2021 во Виница, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода Г.А.(40) бидејќи при претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен врз основа на судска наредба од Основен суд Кочани, биле пронајдени и одземени марихуана, семки од растението канабис, таблети, дробилки, три куршуми и дигитална вага. Известен е Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.03.2021 во 13.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода А.П.(21) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2021 во 09.57 часот на Граничниот премин Стење, при контрола на товарно моторно возило „ман" со албански национални ознаки, управувано од Б.Ш.(40) од Р.Албанија, полициски службеници, во соработка со царинските служби, во задниот дел на возилото, откриле скриено едно лице, кое било без документи за идентификација, а изјавило дека е А.Г.(33) од Газа-Палестина. Двајцата биле приведени и предадени на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 14.03.2021 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Г.М.(29) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на автопатот Штип - Миладиновци (од клучка Кадрифаково до клучка Преод) полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Свети Николе спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа биле констатирани 21 прекршок и на возачите им биле изготвени прекршочни платни налози.

На 13.03.2021 во периодот од 18.00 до 21.00 часот на подрачјето на Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле констатирани 10 прекршоци, кои ќе бидат санкционирани со соодветни пријави.

На 14.03.2021 во 21.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Џон Кенеди" во Скопје се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Љ.(67) од Скопје, патничко моторно возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.И.(20) од Скопје, патничко моторно возило „шкода фабиа" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ч.(29) од Скопје и паркирано патничко моторно возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, паркирано од Е.М.(47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото "шкода фабиа" С.Ч.(61), а со телесни повреди се здобиле Р.И., сопатникот од истото возило Б.Т.(21) од Скопје и В.Ч., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.03.2021, полициски службеници од Полициската станица Кочани од слобода го лишиле Е.М.(32) од Кочани затоа што околу 15.20 часот во домот на 47 - годишна жена на ул.„Поп Арсов Блаже" во Кочани со употреба на сила и одзел мобилен телефон и платежна картичка. Полициски службеници, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот на Е.М., при што биле пронајдени и одземени украдените предмети. По целосно документирање на случајот против Е.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.03.2021 во 15.25 часот во СВР Штип, од Казнено поправната установа - Затвор Штип било пријавено дека осуденикот С.С.(25) во затвореното одделение во затворот се обидел да фрли кесиња со хероин. Полициски службеници од СВР Штип ги одзеле предметите и предале на вештачење. По документирање на случајот против С.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.Б.(19) и С.К.(22), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Пријавените, на 28.02.2021 на улица „Маршал Тито" во Струга, пресретнале три малолетни лица и со закани и употреба на сила од еден од нив одзеле мобилен телефон.

На 14.03.2021 во 16.20 часот во СВР Охрид било пријавено дека во Спортско рекреативниот центар „Билјанини извори" во Охрид, по завршување на фудбалски натпревар од третата езерска регионална лига, А.М.(51) од Охрид-директор на фудбалскиот тим од Охрид физички го нападнал Р.Р.(26), играч од фудбалскиот тим од струшкото село Долна Белица. По целосно документирање на случајот, против напаѓачот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Љ.Н.(74) од струшкото село Радожда поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Таа, во текот на 2020 година, како инвеститор, на катарстарска парцела во селото, без соодветна документација изградила викенд куќа. Од извршениот инспекциски надзор донесено е решение за отстранување на нелегалната градба.

На 14.03.2021 околу 18.00 часот во СВР Тетово, Л.Е.(33) од гостиварска Горна Бањица пријавил дека во руиниран помошен објект пронашол две гранати калибар 82 милиметри, кои најверојатно потекнуваат од Втората светска војна. Увид извршила екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, а гранатите се подигнати и безбедно транспортирани од Дирекцијата за заштита и спасување.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.С.(54) и М.И.(37), двајцата од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". Во септември 2020 година А.С. пуштил во оптек три фалсификувани банкноти од 50 евра, кои му ги дал М.И. и за услугата му дал одреден паричен надомест.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против М.З.(66) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.02.2021, полициски службеници го затекнале пријавениот надвор од својот дом и покрај тоа што бил должен да биде во изолација во домашни услови.

На 14.03.2021 во 08.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Т.(51) од Скопје пријавил дека во периодот од 16.30 часот на 13.03 до 07.00 часот на 14.03.2021 на ул. „Среќко Пужалка" во Скопје му било одземено неговото патничко возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки. На 14.03.2021 на ул.„Маџари", полициски службеници го забележале возилото и почнале да го следат, а по кратко време лицата кои се превезувале го оставиле возилото и се дале во бегство. Тие не застанале на предупредување од полициските службеници, а едно од лицата испукало еден куршум кон нив, но не ги повредил. Исто така, полициски службеник испукал еден куршум во воздух. Возилото било вратено на сопственикот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Ч.(51) и С.М.(29), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 14.03.2021 во Полициската станица Крушево, 23-годишна девојка од Крушево пријавила дека Џ.К.(48) од с.Врбоец, крушевско и З.К.(31) од с.Кривогаштани, прилепско, се обиделе да извршат обљуба врз неа. Тие биле приведени во полициска станица, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за клриминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.М.(22) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 29.07.2019 во Кочани, пријавениот набавил марихуана и на две лица им овозможил да ја користат. Истиот ден околу 23.00 часот, полициски службеници извршиле преглед на возило во кое бил пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет